**Известување за концентрација со која Балкан Алајанс Хелткер Б.В. од Холандија ќе стекне директна контрола над Приватна здравствена установа-Клинилка болница ЖАН МИТРЕВ Скопје од Република Северна Македонија**

**(предмет бр. 08- 79 од 09.06.2023 година)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 09.06.2023 година, а дополнето на ден 13.06.2023 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација кое се однесува на стекнување на директна контрола од страна на Балкан Алајанс Хелткер Б.В. со регистрирано седиште на ул. Стравинскилан бр. 1421, 1077XX Амстердам, Холандија над Приватна здравствена установа-Клинилка болница ЖАН МИТРЕВ Скопје со регистрирано седиште на ул. Бледски Договор бр. 8, 1000 Скопје, Република Северна Македонија преку купопродажба на удели.

-Балкан Алајанс Хелткер Б.В. друштво основано согласно регулативата на Холандија, со седиште во ул. Стравинскилан бр. 1421, 1077XX Амстердам, Холандија, во рамките на својата инвестициона политика има намера да стапи во стратешко партнерство со Приватната здравствена установа – Клиничка болница ЖАН МИТРЕВ Скопје со седиште на ул. Бледски Договор бр. 8, 1000 Скопје преку стекнување на контрола со купување на мнозински удел, согласно одредбите од Законот за установите и Законот за здравствената заштита.

-Приватна здравствена установа-Клинилка болница ЖАН МИТРЕВ Скопје врши дејности поврзани со давање на различни здравствени услуги на трети лица преку клиничка болница и тоа општа хирургија, кардиоваскуларна хирургија на деца и возрасни, ортопедија, интерна медицина, гинекологија и акушерство, урологија, детски болести/педијатрија, оториноларингологија, радиодијагностика, психијатрија, дерматовенерологија, неврологија, лабораторија и друго. Подносителот врши дејност на финансиска холдинг компанија која врши инвестиции во претпријатија кои вршат дејности поврзани со давање на здравствени услуги. Со оглед дејностите на Подносителот и Целното претпријатие не се поклопуваат предлагаме дефиницијата на релевантниот пазар на стоки и услуги на кој се однесува конкретната концентрација да остане отворена.

Приватна здравствена установа-Клинилка болница ЖАН МИТРЕВ Скопје има едно зависно друштво во Република Северна Македонија и тоа- Приватна здравствена установа-Поликлиника од специјалстичко-консултативназдравествена дејност ЖАН МИТРЕВ ДИЈАГНОСТИК Струмица со регистрирана дејност-дејности на специјалистичка медицинска пракса.

Релевантниот географски пазар на кој што се однесува концентрацијата е пазарот на Република Северна Македонија.

Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.

Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставaт забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.

14.06.2023 година

Скопје